NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

ЕВРОМЕТАР

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK
eurothink.mk



# УПОРНО КОН ЕУ?

ИЗВЕШТАЈ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ **ЕВРОМЕТАР ЕСЕН 2021 ГОДИНА –** СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА, ОЧЕКУВАЊА И СТАВОВИ НА ГРАЃАНИТЕ

**Издавач:**
**ЕВРОТИНК - Центар за европски стратегии - Скопје**

**За издавачот:**
Димитар Николовски, Извршен директор

**Автор:**
Димитар Николовски

**Графичко уредување:**
Сашка Дескоска

**Лектура:**
Бобан Карапејовски

**ноември, 2021**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

341.171:316.654(4-672ЕУ:497.7)(047.31)

**НИКОЛОВСКИ, Димитар**
Упорно кон ЕУ? [Електронски извор] : извештај од анкетното истражување Еврометар есен 2021 година - Северна Македонија и Европската унија, очекувања и ставови на граѓаните / [автор Димитар Николовски]. - Скопје : Центар за европски стратегии Евротинк, 2022

Начин на пристапување (URL): http://bitly.ws/nATS
- Текст во PDF формат, содржи 18 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 05.01.2022

ISBN 978-608-4923-24-4

а) Процес на пристапување во ЕУ -- Јавно мислење -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 56059141

*Публикацијата е изработена во рамките на проектот **„Кон транспарентна, отчетна и инклузивна полиција во Република Северна Македонија“**, спроведен од ЕВРОТИНК - Центар за европски стратегии, а финансиски поддржан од Националниот фонд за демократија на Соединетите Американски Држави.*

*Гледиштата изразени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш гледиштата на Националниот фонд за демократија на Соединетите Американски Држави или на нивните партнери.*

# СОДРЖИНА


01 ВОВЕД 5

02 РЕЗИМЕ 6

03 МЕТОДОЛОШКА БЕЛЕШКА 7

04 ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО РС МАКЕДОНИЈА 7

05 ОДНОСИТЕ РС МАКЕДОНИЈА - ЕУ 9

06 НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА 15

# 1. ВОВЕД

Главни случувања кои што го карактеризираат периодот на спроведеното истражување:

• Се работи за период по локалните избори, во кои здружената опозиција освои градоначалнички места во повеќе општини;
• Актуелниот премиер Зоран Заев најавува оставка на местото премиер на РС Македонија, како и оставка на местото претседател на СДСМ;
• Најава на енергетска криза (која се најавува и во цела Европа), економска криза, состојбата со пандемијата со КОВИД, која е актуелна и загрижувачка;
• Ветото на Бугарија кон РС Македонија за отпочнување на пристапните преговори е актуелно,
а преговорите со Бугарија поради локалните избори во РС Македонија и вонредните парламентарни избори во Бугарија се практично во фаза на „status quo“;
• Немање кворум (аферата со пратеникот Кастриот Реџепи) за изгласување недоверба на Владата, посебно разбранувана од опозицијата и од медиумите, фрла сенка за недемократски постапки;
• Опозицијата е медиумски активна со критики кон актуелната власт, критики за владеењето на правото, корупција итн., барајќи оставки и предвремени парламентарни избори;
• Коалициските и другите политички партии/партнери во ситуација на најавена оставка на премиерот Зоран Заев се во постојани преговори;
• Влијание на други настани што се поврзуваат со функционирањето на државните институции, како што се: пожарот во тетовската модуларна болница, сообраќајната несреќа во Бугарија (пожарот во автобусот);
• Севкупно, создадена е атмосфера дека РС Македонија во овој момент е во општествено-политичка криза.

## 2. РЕЗИМЕ

40 % од граѓаните се со став дека во РС Македонија нема демократија.
Во овој момент речиси половина сметаат дека работите во РС Македонија се движат во погрешна насока.
69 % од јавноста смета дека „членството на РС Македонија во ЕУ е добра работа“. ЕУ се перципира како доминантен економски фактор и унија базирана на правила и прописи.
Граѓаните (48 %) не се задоволни од односот на ЕУ кон РС Македонија, за кој сметаат дека е нефер и уценувачки, наспроти 30 %, кои сметаат дека е тој фер и пријателски.
И покрај тоа, речиси две третини (63 %) сметаат Европската Унија е најдобрата алтернатива за РС Македонија, наспроти една третина, кои се согласуваат со исказот дека РС Македонија треба да бара сопствен модел за развој надвор од ЕУ.

Во врска со отпочнување на пристапните преговори, една четвртина очекуваат дека тоа може да биде во следните шест месеци, а околу една третина очекува влез во ЕУ во наредните пет години.

И покрај одредена скептичност кон Европската Унија и кон терминот за отпочнување на пристапните преговори, речиси три четвртини (74 %) од испитаниците доколку се одржи референдум за влез на РС Македонија во ЕУ, би гласале со „да/за“. Како главни причини на поддршката за влез во ЕУ се наведуваат подобриот животен стандард и поголемата демократија (судство, слобода на медиумите, владеење на правото итн.). 15 %, кои на ваков референдум би гласале „не/против“, всушност, се евроскептици, кои сметаат дека ништо нема да се подобри, ќе се влоши животниот стандард, ќе се зголеми иселувањето итн.

Генералната процена за меѓународната позиција на РС Македонија денес во споредба со пред 12 месеци е дека таа е послаба, но се проценува дека по 12 месеци ќе биде посилна. Во повисок, но сличен процент (42 - 44%), граѓаните проценуваат дека позицијата останала иста како пред 12 месеци и дека ќе остане иста и по 12 месеци.

Во однос на меѓународната позиција на РС Македонија, една третина сметаат дека во овој момент постојат држави/институции што претставуваат закана за РС Македонија. На прво место се споменува Бугарија (23 %), додека, пак, другите се споменати во значително помал процент (опсег 0–2 %). Наспроти ова, но во истиот контекст, како најголем пријател на РС Македонија спонтано се посочува Србија (24 %), САД (17 %), ЕУ(9 %), Турција (9 %), Германија (5 %) итн.

# 3. МЕТОДОЛОШКА БЕЛЕШКА

Испитувањето на јавното мислење беше спроведено од страна на агенцијата Брима од Скопје, преку компјутерски потпомогната телефонска анкета (CATI) на платформата NIPO во периодот од 23 ноември до 30 ноември 2021 година, на репрезентативен примерок од 1001 испитаник, со маргина на грешка од +/- 3 %. Методолошката исправност на анкетата е одговорност на Брима, додека прашалникот беше подготвен од страна на истражувачкиот тим на ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии, во соработка со тимот на Брима. Во истражувањето се користени и податоци од анкети од 2014 година наваму, кои се спроведени од разни локални агенции по нарачка на ЕВРОТИНК.

# 4. ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО РС МАКЕДОНИЈА

Прва тема во ова истражување се прашањата поврзани за ставот на јавноста дали е РС Македонија демократска држава. За евалуација на ова прашање е користена мерна скала од 1 до 5, каде што 1 = воопшто нема демократија и 5 = целосна демократија.

Постои поделеност на ставот на јавноста околу ова прашање, па така, 12 % се со став дека во РС Македонија има целосна демократија, наспроти 28 % кои изјавуваат дека воопшто не постои демократија. Проширено, околу една четвртина (25 % = кумулатив од одговорите 4+5) се со став дека во РС Македонија има демократија, наспроти 40 % кои се со став дека нема демократија во РС Македонија (кумулатив на одговорите 1+2). Резултатите се прикажани на Графиконот 1.

Графикон 1:

**Општо земено, дали е РС Македонија демократска држава?**

На скала од 1 до 5, каде што 1 значи дека воопшто нема демократија, а 5 дека има целосна демократија, каква е вашата оценка?



Ставот дека во РС Македонија нема демократија во повисок процент го делат испитаниците Македонци, повозрасните испитаници (над 55 години), испитаниците што се поддржувачи на ВМРО-ДПМНЕ, наспроти поддржувачите на СДСМ (одредени како испитаници што во овој момент би гласале за определена партија).

Во состав на оваа тема е и прашањето за правецот на државата (Графикон 2).

Графикон 2:

**Генерално, во каква насока се движат работите во РС Македонија?**

Каква е вашата оценка, повторно на скала од 1 до 5, каде што 1 значи целосно погрешна насока, а 5 значи многу добра насока.




Речиси половина од испитаниците (49 %) се со став дека работите во РС Македонија во овој момент се движат во погрешна насока. Овој став го делат во повисок процент испитаниците Македонци, оние што живеат во градовите, како и поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ.

# 5. ОДНОСИТЕ МАКЕДОНИЈА - ЕУ

Доживувањето на граѓаните за Европската Унија (Графикон 3) во повисок процент (29 %) е дека таа е перципирана како доминантен економски фактор (економскиот аспект), како и дека е тоа унија базирана на правила и прописи (24 %), а под изразите „правила и прописи“ слободно може да се подразбере владеењето на правото и почитувањето на законите и прописите. Правилата и прописите станале поважни, за разлика од претходните истражувања, каде што повеќе граѓани сметале дека Унијата е примарно политичка заедница.

Графикон 3:

**Што претставува Европската Унија за вас?**




15 % од испитаниите ЕУ ја перципираат како унија на национални држави, што е, сепак, уште едно поместување од минатото, кога многу помалку граѓани го делеле тој став.
Околу 2 % изјавуваат дека ниту еден од овие искази не се однесува за Европската Унија, но без да се истакне насоката за ставот кон Европската Унија (дали е позитивен или негативен), додека 1 % експлицитно изразуваат негативен став кон ЕУ.

Односот на граѓаните кон евроинтеграциските процеси е измерен со прашањето за нивната согласност со тврдењето дека членството на РС Македонија во ЕУ би било добра работа, па така, 69 % (кумулатив од одговорите 4+5) се согласуваат со ова тврдење (Графикон 4), што е намалување само за еден процент од претходната анкета.

## Графикон 4:

Колку се согласувате со следново тврдење, користејќи скала од 1 до 5, при што 1 значи дека целосно не се согласувате со тврдењето, а 5 дека целосно се согласувате: **Генерално, членството на РС Македонија во ЕУ би било добра работа?**




Јавното мислење за односот на Европската Унија кон РС Македонија (Графикон 5) е остро поделено: од 37 %,  кои изјавуваат дека односот на ЕУ е нефер, надмен и уценувачки (или севкупно 48 % како кумулатив на одговорите 1+2), до другиот екстрем, каде што речиси една четвртина (24 %) (или 30 % во кумулатив на одговорите 4+5) дека односот на ЕУ кон РС Македонија е фер, пријателски и коректен. Како што може да се забележи од претходните анкети, и покрај заглавениот процес на интеграција и ветото од Бугарија, угледот на ЕУ е малку подобрен, барем во однос на позитивните чувства.

## Графикон 5:

Генерално гледано, како би го оцениле овој однос, на скала од 1 до 5, при што 1 значи дека односот на ЕУ е нефер, надмен и уценувачки, а 5 дека односот на ЕУ кон РС Македонија е фер, пријателски и коректен?



Оваа поделеност е изразита и по етничка линија: Македонците во повисок процент (52 %) истакнуваат дека односот на ЕУ е нефер, надмен и уценувачки, наспроти 60 % од етничките Албанци, кои истакнуваат дека односот е фер, пријателски и коректен.

Партиската поддршка (определеност) е исто така дискриминативен фактор за ставот на јавноста за ова прашање: 67 % од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ го оценуваат односот на ЕУ со оценка 1 = односот на ЕУ е нефер, надмен и уценувачки, наспроти 32 % од поддржувачите на СДСМ. Кај албанскиот блок партии генерално преовладува став што е наклонет кон екстремот: 5 = односот на ЕУ кон РС Македонија е фер, пријателски и коректен.

И покрај поделеноста за мислењето на односот на ЕУ кон РС Македонија, речиси две третини (63 %) сметаат дека Европската Унија е најдобрата алтернатива за Европа. Ова е, всушност, и највисокиот процент добиен по ова прашање од сите други години, и покажува зголемен евроентузијазам. Една третина (33 %), сепак, сметаат дека РС Македонија треба да бара сопствен модел за развој надвор од ЕУ, што е намалување од претходните две анкети и се враќа на бројките од 2019 година (Графикон 6). Најверојатно, ветувањата дека во средината на декември процесот ќе биде одблокиран дале плод и во ставовите на граѓаните кон ЕУ.

Графикон 6:

Ќе ви прочитам два исказа, кажете ми кој од нив е поблизок до вашето мислење:

• Европската Унија е најдобрата алтернатива за РС Македонија;

• РС Македонија треба да бара сопствен модел за развој надвор од ЕУ.

**ЕУ е најдобрата алтернатива или РС Македонија треба да бара сопствен модел на развој?**



И ставот на јавноста за ова прашање е детерминиран од политичката преференција.
82 % од поддржувачите на СДСМ сметаат дека ЕУ е најдобрата алтернатива за РС Македонија. Со овој исказ се сложуваат и 32 % од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ. Кај албанскиот блок партии согласноста со овој исказ е многу висок (од 88 % кај Алтернатива до 97 % кај ДУИ).
Наспроти ова, од друга страна, 65 % од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ го поддржуваат исказот дека РС Македонија треба да бара сопствен модел за развој надвор од ЕУ (ова го изјавуваат и 17 % од поддржувачите на СДСМ). Кај албанскиот блок согласноста со ова е многу мала (во опсег 1-4 %).
Актуелноста на фактичкото отпочнување на преговорите меѓу РС Македонија и ЕУ во следните шест месеци го очекуваат околу една четврвтина (26 %), наспроти 63 % што се скептични, односно мислат дека пристапните преговори нема да почнат во следните шест месеци.
Сепак, испитаниците во повисок процент (32 %) (Графикон 7) сметаат дека пристапните преговори ќе започнат во следните пет години. Тоа во повисок процент го сметаат: помладите (18- 34 години), испитаниците Албанци, како и поддржувачите на СДСМ. Ова е, воедно, и значително намалување на таквите очекувања од претходната анкета оваа година, кога тоа изнесувало 41 %.

Графикон 7:




Треба да се истакне дека 17 % сметаат дека РС Македонија никогаш нема да влезе во Европската Унија.

И покрај одредена скептичност кон Европската Унија и кон терминот за отпочнување на пристапните преговори, речиси три четвртини (74 %) од испитаниците, доколку се одржи референдум за влез на РС Македонија во ЕУ би гласале со „да/ за“. Во исто време, ова изнесува и највисок процент откако Евротинк ги мери овие прашања.
„Не/ против“ би гласале околу 15 % (Графикон 8). Овој процент има мало зголемување од пролетва, но сепак, се држи на стабилните 14-15 % од 2019 година.

## Графикон 8:

Доколку во недела се одржи референдум со прашање: **„Дали сте за влез на РС Македонија во Европската Унија?“,** како би гласале?




Како причини за гласање „да/за“, во највисок процент (48 %) се наведува подобриот животен стандард, поголемата демократија (судство, слобода на говорот, медиуми, владеење на правото итн.), како и намалување на невработеноста (повеќе инвестиции) (Графикон 9а).
Ова видување оди во линија со верувањето дека е ЕУ примарно економски сојуз, каде што македонските граѓани очекуваат дека ќе им бидат решени егзистенцијалните прашања. Сепак, голем процент граѓани (32 %) имаат продемократски побуди за гласање за влез во ЕУ.

## Графикон 9а:

**Главни причини за поддршка на влезот во ЕУ** (можност за повеќе спонтани одговори)**:**



Карактеристично е дека одговорот „поголема демократија“ во повисок процент го истакнуваат повозрасните граѓани, испитаниците со повисоко образование и испитаниците Албанци, додека, пак, „полесен пристап до работа во странство“ го истакнуваат помладите.

Наспроти ова, испитаниците (15 %) што не би гласале за влез во ЕУ како причини ги наведуваат оние дека ништо нема да се подобри, а само ќе ни наметнуваат дополнителни услови (6 %), потоа дека ќе се покачат цените, а со тоа и ќе се влоши животниот стандард (6 %),ќе се зголеми иселувањето на младите (6%), ќе се изгуби идентитетот (името, јазикот итн.) (Графикон 9б).

Графикон 9б:

**Главни причини за одбивањето на влез во ЕУ** (можност за повеќе спонтани одговори)**:**



# 6. НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА

Во продолжение на оваа тема испитаниците се запрашани за нивната процена на меѓународната позиција на РС Македонија во споредба со периодот пред 12 месеци и каква ќе биде во наредните 12 месеци (Графикон 10/11).

Графикон 10/11:

**Меѓународната позиција на РС Македонија**

**Т10.** Дали меѓународната позиција на РС Македонија е посилна, послаба или иста во однос на онаа пред 12 месеци?

**Т11.** Дали верувате дека во наредните 12 месеци меѓународната позиција на државата ќе биде посилна, послаба или, пак, иста како и денес?




Севкупно, се проценува дека меѓународната позиција на РС Македонија денес е послаба во споредба со онаа пред 12 месеци. И тука е присутна поделеност за ова прашање по партиска основа. Послабата позиција е повеќе истакната од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ, наспроти оние на СДСМ и на ДУИ, кои истакнуваат дека меѓународната позиција на РС Македонија денес е посилна од пред 12 месеци.

Сепак, постои оптимизам во врска со мислењето за меѓународната позиција на РС Македонија по 12 месеци, па така 30 % сметаат дека позицијата ќе биде посилна, наспроти 20 % што сметаат дека ќе биде послаба.

Процентот на граѓаните што сметаат дека меѓународната позиција на РС Македонија е иста како пред 12 месеци е 42 % и е во слична пропорција (44 %) со онаа дека ќе биде иста и по 12 месеци. Продлабочената анализа покажува висока корелација меѓу овие две прашања. Испитаниците што сметаат дека денешната позиција е посилна, сметаат дека позицијата ќе биде посилна и по 12 месеци. Исто така, оние што се со мислење дека е денес позицијата послаба, сметаат дека и по12 месеци меѓународната позиција на РС Македонија ќе биде послаба. Слично е кај испитаниците што сметаат дека е позицијата иста (непроменета) и ќе биде непроменета по 12 месеци.

Во врска со односите на РС Македонија со ЕУ и пошироко, испитаниците се запрашани дали сметаат дека постои некоја земја или институција што е во овој момент закана за РС Македонија (Графикон 12).

Графикон 12:

Општо земено, дали верувате дека постои држава или меѓународна организација што претставува закана за РС Македонија?




Една третина (33 %) сметаат дека постои држава или меѓународна организација што претставува закана за РС Македонија, а 63 % дека такво нешто не постои. Споредено со претходните години, оние што сметаат дека има закана се движат околу бројката од една третина три години по ред, а постои зголемување од околу 3 % кај оние што сметаат дека нема закана.

Во продолжение испитаниците се прашани спонтано да именуваат која држава или меѓународна организација претставува закана за РС Македонија (Графикон 12а).

Околу една четвртина (23 %) сметаат дека во овој момент Бугарија претставува закана за РС Македонија. Овој процент е повисок кај Македонците во споредба со етничките Албанци. Она што може да се забележи е дека перцепцијата за Грција како закана, која имаше повисоки проценти во минатото, константно паѓа и е стигната до помалку од 2%, што е директен резултат на Преспанскиот договор. Во однос на Бугарија, може да се забележи дека е оваа бројка падната од лани, кога огромен број граѓани ја гледале како закана ( речиси 80 % од оние што сметаат дека има закана), и сега е таа спуштена на нивото од 2018 година.

## Графикон 12а:

**Ако да, која е таа држава или меѓународна организација што претставува закана за РС Македонија?**




Во продолжение се прашува за тоа која држава или меѓународна организација е најголем пријател на РС Македонија (Графикон 13).

## Графикон 13:

**Според вас, која држава или меѓународна организација е најголем пријател на РС Македонија?**



Србија се истакнува како најголем пријател на РС Македонија од една четвртина од испитаниците (24 %), како и САД (17 %), ЕУ и Турција со 9 % итн.

16 % изјавуваат дека РС Македонија нема пријатели.

Македонците во повисок процент како најголем пријател ја истакнуваат Србија, а етничките Албанци – САД и ЕУ.

За помладите тоа е ЕУ, а за постарите – НАТО.

Поддржувачите на албанските партии ги истакнуваат САД и ЕУ.

42 % од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека е тоа Србија, а 22 % дека РС Македонија нема пријатели.

Кај поддржувачите на СДСМ распределбата е следнава: 25% дека Србија е најголемиот пријател, 16 % дека е тоа САД, 14 % Германија, 10 % дека нема пријатели итн.

## Графикон 13а:

**Според вас, која држава или меѓународна организација е најголем пријател на РС Македонија? (Историска споредба)**




Од претходните анкети може да се забележи значителен скок кај Србија како најголем пријател на државата, што директно може да се поврзе со солидарноста во однос на вакцинацијата која северниот сосед им ја даде на нашите граѓани во 2021 година. Сепак, има и значително зголемување на процентите за САД и  за ЕУ во однос на претходните години, што може да се поврзе со поддршката која РС Македонија ја добива од САД во однос на спорот со Бугарија.

ЕВРОТИНК
ЦЕНТАР ЗА
ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR
EUROPEAN STRATEGIES
EUROTHINK
eurothink.mk

NED
NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

24 поглавје

ЕВРОМЕТАР